КОЛЕКЦИЈА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ

*COLLECTION FROM THE MUSEUM OF CONTEMPORARY ART SKOPJE*

2

# *РИЧАРД* МОРТЕНСЕН

"Не прашувајте ме,
што сакам да кажам
со моето сликарство.
Уметникот создава со акт
на една природна форма,
нудејќи ви со љубов резултат
и можност за запознавање
на човекот и светот"

/Мортенсен/



RICHARD MORTENSEN





MARCH/APRIL 1993

МАРТ/АПРИЛ 1993

## РИЧАРД МОРТЕНСЕН

*Signes - Rijeka, 1975*
*серигрaфии, (67 x 50), 3/7*
*албум од 8 листови*

*Роден е во 1910 во Копенхаген. 1931-1932студира на Уметничката академија во тој град. 1937го посетува Париз каде што се запознава со дел од тамошниот уметнички круг, а се вклучува и во подготовките на една авангардистичка изложба на Кандински, Миро, Арп, Ернст, Мондријан, Кле..., настани што значат пресвртица во неговото дејствување и учество на многубројни ликовни манифестации во Европа и САД. Како потврда на квалитетите во неговата креативна работа се наградите: 1946наградата Едвард Мунк, 1949 Екербергoвиот медал на Уметничката академија Копенхаген, 1950 наградата Кандински и др., меѓу кои е и наградата на*

Музејот на современата уметност од Скопје на Меѓународната изложба на цртеж во Риека 1968.
Често престојува на различни места(Нормандија, Корзика,Раб...) по кои се насловени делата, бидејќи како што самиот тврди"местото и човечкото суштество се поврзани". Во текот на полувековната творечка активност како сликар, цртач, илустратор, сценограф и тапицерист, подеднакво релевантен за било која од овие дисциплини, покрај скулпторот Роберт Јакобсен, се издвои како значајна личност во данската и европската современа ликовна уметност. За Мортенсен се вели дека не изградил сопствен стил, како постојано да започнува одново. Но, при сериозна анализа на неговиот опус се откриваат постарите пластични искуства. Конкретен пример се и овие сериграфии коишто истовремено се допираат и до сензибилитетот на претходно изложените графички листови на Ханс Хартунг во Музејот, во смисла на искуствата на генерацијата, негови современици, то ја



"диктираа" уметноста после војната во насока на упатување порака на што поедноставен, но и "шифриран" начин. Преку знакот како најбитен или единствен сегмент во еднозначна или повеќезначна функција. Мортенсен коинцидира со сликарството на гестот и сликарството на знакот, поблиску, меѓу Клајновата постапка, Капогросиевиот опсесивен знак и Сулажовиот идеограм. Тежнее да ги пренесе своите импресии од "патувањата", во етимолошко значење да ги вообличи во еден калиграфски запис. Знакот е добро обликуван, создаден во еден здив и затоа посугестивен од потполно развиениот концепт. Идејата ја реализира и отиснува во серии, секвенци, бидејки неговиот аналитички дух му наложува разработка на повеќе бели полиња, поради што ги отиснува во вид на албум, односно мапа

Марика Бочварова Плавевска

издавач:
МСУ, Скопје
одговорен уредник:
Зоран Петровски
подготовка на изложбата
Марика Бочварова Плавевска
ликовно обликување
Стефан Георгиевски